# ПОСТАМЕНТ ЗА ХОРОЛОГИУМ СО ЛАТИНСКИ НАТПИС ОД HERACLEA LYNCESTIS

Постаментот за хорологиум е најден во 1964. година во СЗ агол на римската одаја 1 (супструкција без врата-изба) на римско ниво, одредено со долниот раб на соклот од црвен малтер, на околу 2,20 м. под прагот на источниот ѕид[1]. Најден е превртен со натписното поле свртено надолу[2].

Споменикот е од бел мермер со димензии: 51×39×18,5 см. и претставува постамент за хорологиум со натписно поле на челната страна. Откриен е во секундарна употреба, како градежен материјал, на што укажуваат и трагите од малтер. На горната површина се видливи остатоци од спојните делови на постаментот и хорологиумот. На 12 см. од горната челна ивица и 11 см. од горната десна ивица се наоѓа квадратна вдлабнатина со широчина од 5 см. и длабочина 4,2 см. Наспроти оваа вдлабнатина на 18,5 см. од горната челна ивица и 24,5 см. од горната десна ивица се видливи делови од грубо изведени елипсоидни зарези коишто заедно со споменатата квадратна вдлабнатина веројатно се основни елементи за поврзување на постаментот со конструкцијата на хорологиумот.

Остатоци од хорологиумот досега не се откриени, но врз основа на споредбата на горе споменатите елементи од горната површина на постаментот, особено квадратната вдлабнатина, со постаментот за хорологиумот којшто е изложен во лапидариумот на Археолошкиот музеј во Сплит[3], јасно е дека се работи за сферичен сончев часовник[4].

Натписот во четири редови е сочуван во целост, со исклучок на едно мало оштетување во средината од првиот ред. Височината на буквите варира од 3—4,4 см. со извесни исклучоци во вториот ред C 4 см., S, 4,2 см., и во третиот ред L 4 см.

---

[1] Ископувањето е извршено од страна на Гордана Томашевиќ во 1964 г.

[2] Споменикот се наоѓа во Хераклеја (Инв. бр. 1615).

[3] Како што сум известен од другарот Младен Николанци, директор на Археолошкиот музеј во Сплит, публикувањето на овој сферичен сончев часовник се очекува во најскоро време.

[4] Daremberg et Saglto, *Dictionnaire des antiquités grecques et romaines* III/I стр. 259. Првиот cadran solaire sphérique (сферичен сончев часовник) кај Римјаните се појавува во 263 г. пр. н. е. Во 164 г. по наредба на цензорот *Q. Marcus Philippus* е изработен сферичен сончев часовник којшто одговараше на римската географска широчина. Потоа употребата на сферичните сончеви часовници е сè поголема. Овој инструмент се јавува на јавни места, во храмови, куќи (градски и селски) и сл. Распространет е и по провинциите.

Типот и изгледот на буквите укажува на римски капитали коишто биле во употреба почнувајќи од I век пр. н.е., особено во времето на Август, кога добиле посебен калиграфски изглед.




Сл. 1

Натписот гласи:

C(aio) IVNIO SILANO P(ublio) DOLABE
LA CO(n)S(ulibus) ANNO C. L. VII
L(ucius) MARIVS L(uci) F(ilius) TER(tius) HO
ROLOGIVM D(e) P(ecunia) S(ua) F(aciendum) C(uravit)

Дедикант на споменикот е Lucius Marius Tertius син на Lucius, којшто за свои пари дал да се постави хорологиум во Хераклеја[5].

За точното датирање на овој споменик располагаме со двата податоци дадени во натписот и тоа:

1) Споменикот е датиран со консулувањето на Caius Iunius Silanus и Publius Cornelius Dolabela коишто биле консули заедно во 10. година од н. е.[6].

---

[5] Ист преномен и гентилициј носат и две лица на една надгробна стела исто така од Хераклеја (Фанула Папазоглу, *Хераклеја Линкестидска во светлината на книжовните и епиграфските текстови*, Хераклеја I Народен музеј—Битола, Битола 1961 стр. 21 T III 8; П. Мачкич и И. Микулчич, *Каталог на античките предмети од Хераклеја*, Хераклеја I Народен музеј—Битола, Битола 1961 стр. 53, бр. 38, сл. 38).

[6] *Prosopographia imperii Romani, SAEC I. II. III* PARS II, Iteratis curis ediderunt Edmundus Groog et Arturus Stein, Berolini et Lipsial MCMXXXVI стр. 318 (1348); *Prosopographia imperii Romani SAEC* I, II, III PARS IV Iteratis curis ediderunt Arturus Stein et Leiva Petersen Berolini MCMLII—MCMLXVI стр. 348 (825) и стр. 349; Duje Rendić—Miočević, Akte des IV Internationalen Kongresses für griechische und lateinische Epigraphik, Wien, 17 bis 22 septembre 1962 Wien 1964 стр. 346; Attilio Degrassi, *I fasti consulari dell' impero Romano dal 30 avanti Cristo al 613 dopo Cristo* Roma 1952 стр. 7 и стр. 198.



Сл. 2

Името на Dolabella се споменува на поголем број натписи[7] откриени главно во Далмација каде што тој бил наместник на Горниот Илирик („Superior provincia Hillyricum")[8] т. е. Далмација, околу шест години, односно од 14—20 година[9] почнувајќи ја таа своја нова служба под Август и продолжувајќи ја во неколку години од Тибериевото владеење. Точното време на неговото заминување од Далмација не ни е познато, но тоа би можело да биде најдоцна во текот на 20 г., затоа што истата, како и идната година, го среќаваме во Рим, каде што зема учество во сенатските расправии[10].

Додека Силановата ономастичка формула се појавува во полна форма, т. е. со tria nomina) без приведување на филијација), Долабелината е во скратена форма — Publius Dolabela. Во нат-

---

[7] Ante Marinić, *Epigrafski spomenici o rimskom namjesniku Dolabeli u Cavtatu*, Anali historijskog instituta Jugoslovenske akademije znanosti i umjetnosti u Dubrovniku god. VI—VII Dubrovnik 1957—59 г. стр. 121—122.

[8] Грга Новак смета дека натписот во оној дел каде што ја споменува Superior provincia Illyricum е реконструкција и дека нема доказ дека некогаш постоел тој дел од натписот. (Grga Novak, *La province Illyricum était-elle au temps d'Octavien Auguste et de Tibère divisée en Superior provincia Illyricum et Inferior provincia Illyricum?* Mélanges d'archéologie et d'histoire offerts à André Piganiol III sv., Paris 1966).

[9] Adolf Jagenteufel, *Die Statthalter der römischen Provinz Dalmatia von Augustus bis Diocletian*, Schriften der Balkankommission, Antiquarische Abteilung XII, Wien 1958 стр. 14—17.

[10] Duje Rendić Miočević, *Druzov boravak u Dalmaciji u svijetlu novog viškog natpisa*, Vjesnik za arheologiju i historiju dalmatinsku LIV Split 1952 г. тр. 47.

писите доста често се изоставува намесниковото гентилно име (Cornelius), а покрај тоа владее и прилична несигурност во графијата на неговиот cognomen, по којшто тој најчесто и е познат. Покрај правилната форма Dolabella се појавуваат и варијанти (корутели): Dollabella[11], Dollabela[12], и Dolabela[13] како што е на нашиот натпис.

Што се однесува до вториот податок тој всушност претставува потврдување на констатацијата добиена со првиот податок. Имено, годината, кога ќе ја пресметаме по македонската провинциска ера, ќе ја добиеме 10. година од н. е., што се совпаѓа со годината на заедничкото консулување на Caius Iunius Silanus и Publius Cornelius Dolabela. Во овој случај, бидејќи двата податоци се совпаѓаат, исклучена е секоја можност за датирање на овој споменик по т. н. Августова, односно акцијска ера[14].

Поголем број споменици со грчки натписи датирани по македонската провинциска ера дадоа археолошките ископувања на античката населба Styberra крај селото Чепигово на околу 30 км. северно од Heraclea Lyncestis[15]. Спомениците во римскиот портик со почесни и вотивни натписи во Хераклеја исто така се датирани по македонската провинциска ера[16].

Овој натпис, колку што ни е познато, претставува единствен латински натпис на подрачјето на СР Македонија датиран по македонската провинциска ера. Тој воедно е и најрано датиран досега откриен латински натпис во Heraclea Lyncestis.

*Битола.* *Т. Јанакиевски.*


SUMMARY

*T. Janakievski;* A BASE FOR A HOROLOGE WITH LATIN INSCRIPTION FROM HERACLEA LYNCESTIS

The base for a horologe with Latin inscription dates from 10 a.d. druing the consulship of C. Iunius Silanus and Publius Cornelius Dolabela i. e. CLVII according to the Macedonian provincial era. The monument was dedicated to Lucius Marius Tertius who donated the money for the establishment of horologe in Heraclea. Judging from the remainings of the upper part of the base and similar monuments can be concluded that this monument is a base of a spherical solar clock.

As far as we know, this script from the area of Macedonia is the only Latin inscription dated according to the Macedonian provincial era. At the same time this Latin inscription is the earliest dated inscription in Latin that has been discovered so far in Heraclea yncestis.


---

[11] Duje Rendić—Miočević, *Novi Dolabelin „terminacijski" natpis iz okolice Jablanca*, Vjesnik arheološkog muzeja u Zagrebu, 3. serija svezak III, Zagreb 1968 г. стр. 67/20).

[12] *Ibid.* стр. 63.

[13] *Ibid.* стр. 67 (21).

[14] Фанула Папазоглу, *Прилоі даѿовању ірчких наѿиса из римске Македоније*, Зборник Филозофског факултета, III књига, Београд 1955 стр. 15.

[15] Душанка Вучкович—Тодорович, *Stybera аѿичное ѿоселение в селе Чеѿиіове в окресѿносѿи Прилеѿа*, Archaeologia Iugoslavica IV, Beograd 1963, стр. 76 и н., 95.

[16] Гордана Томашевиќ, *Порѿик со ѿочесни и воѿивни сѿоменици*, Хераклеја II, Одбор за Хераклеја—Битола, Битола 1965 стр. 200...